РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 04-10340/1
06.08. 2025 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

**Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 22 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19 и 267/20), член 22 став 1 алинеја 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) и одредбите од Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-6397/1 од 01.06.2015 година, измените на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-11933/2 од 01.12.2015 година, измена бр. 04-11314/3 од 08.12.2015 година, измена бр. 04-2753/2 од 20.02.2016 година, измена бр. 04-5362/2 од 13.06.2016 година, измена бр. 04-6948/1 од 11.07.2016 година, измена бр.04-8800/3 од 29.09.2016 година, измена бр.04-10445/1 од 01.12.2016 година, измена бр.04-994/1 од 01.02.2017 година, измена бр. 04-2947/1 од 11.04.2017 година, измена бр. 04-5497/1 од 31.07.2017 година, измена бр. 04-2591/1 од 03.02.2018 година, измена бр. 04-5444/1 од 26.04.2018 година, измена бр. 04-6112/1 од 17.05.2018 година, измена бр. 04-8025/3 од 03.08.2018 година, измена бр. 04-9996/2 од 06.11.2018 година, измена бр. 04-7601/1 од 18.07.2019 година, измена бр. 04-10416/1 од 18.10.2019 година, измена бр. 01-10904/1 од 31.10.2019 година, измена бр.04-12588/3 од 19.12.2019 година, измена бр. 04-12851/1 од 23.12.2019 година, измена бр. 04-369/1 од 11.01.2021 година, измена бр. 04-1488/1 од 02.02.2021 година, измена бр. 04-4634/3 од 29.04.2021 година, измена бр. 04-7378/2 од 14.09.2021 година, измена бр. 04-2523/2 од 10.02.2022 година, измена бр. 04-5292/2 од 29.04.2022 година, измена бр. 04-7592/3 од 12.08.2022 година, измена бр. 04-9266/1 од 16.09.2022 година, измена бр. 04-12767/2 од 05.12.2022 година, измена бр. 04-471/1 од 11.01.2023 година, измена бр. 04-869/1 од 18.01.2024 година, измена бр. 04-6660/6 од 12.08.2024 година и 04-1815/3 од 05.02.2025 година, измена бр. 04-1815/5 од 12.06.2025 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува:

## ЈАВЕН ОГЛАС БР. 05/2025
## за вработување на определено време до 31.12.2025 година

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува јавен оглас за вработување на четири (4) извршители на определено време до 31.12.2025 година, и тоа:

1. УПР0101В04000 Помлад соработник за оперативна работа во регистрите на министерството во Подрачна Единица Тетово – Сектор за организација и координација на подрачни единици ...........................(2) извршители


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

2. УПР0101В04000 Помлад соработник за селективна обработа на податоците во регистрите на министерството во Подрачна Единица Гостивар – Сектор за организација и координација на подрачни единици ...........................(1) извршител

3. УПР0101В04000 Помлад соработник за контрола на семенски и саден материјал во Одделение за производство и сертификација на семенски и саден материјал, контрола и пост контрола на семенски посеви и насади- Сектор за производство, сертификација на семенски и саден материјал, контрола и пост контрола на семенски посеви и насади при Управа за семе и саден материјал...........................(1) извршители

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи Македонскиот јазик
- да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност и должност

**Општи работни компетенции:**
учење и развој, комуникација, остварување резултати, работење со други-тимска работа, ориентираност кон странки и засегнати странки

**Посебни услови:**

-за работното место под реден број 1 - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити или 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен: Високо образование

-за работното место под реден број 2 - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити или 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен: Високо образование

-за работното место под реден број 3- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити или 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен: Инженерство и технологија, Прехрамбено инженерство и технологии, Неорганско хемиско инженерство

За работните места од реден број 1 до реден број 3: Не е потребно работно искуство во струката


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија

Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**Паричен нето износ на плата;**
- за работните места од 1 до 3:

| | |
|---|---|
| со стекнати 180 ЕКТС: | 30.173 денари |
| со стекнати 240 ЕКТС или VII/1: | 31.639 денари |

**Распоред на работно време:**
- работни денови: од понеделник до петок
- работни часови неделно: 40 часа
- работно време: 7:30/8:30 часот до 15:30/16:30 часот
- опис на работното време: со почеток на работното време помеѓу 07:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот

**Потребна документација**
- пријава во која ќе се наведе за кое работно место од огласот се пријавувате
- уверение за државјанство (во оригинал или копија заверена на нотар)
- лекарско уверение, не постаро од една година, издадено од доктор специјалист по медицина на трудот (во оригинал)
- потврда од Централен регистар дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност и должност, не постара од една година (во оргинал)
- диплома за завршено образование (оригинал или фотокопија заверена на нотар)
- сертификат за познавање на Англиски јазик
- сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- историјат од Агенција за вработување (во оригинал)
- кратка биографија

Напомена:

**Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавување.**

**Пријавата за вработување и потребната документација се доставува во рок од три (3) дена со денот на објавување на огласот на веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и дневните весници на следнава адреса:**

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Сектор за човечки ресурси**

**улица „Ленинова„ број 2 - Скопје**

**со назнака НЕ ОТВАРАЈ - ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПО ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 05/2025**

**Секоја неуредна достава или назнака нема да се разгледува.**

**Пријавата за огласот може да се преземе од интернет страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство: www.mzsv.gov.mk**

**Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.**

Водени од потребата за создавање на професионален млад кадар, а во духот на транспарентноста која нашата институција највисоко ја вреднува, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го објавува јавниот оглас за вработување на определено време и ги поттикнува сите заинтересирани кандидати кои ги исполнуваат условите да аплицираат.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

По истекот на рокот за аплицирање и постапката за селекција, само уредните кандидати на јавниот оглас ќе бидат известени (по електронски пат) за времето и местото на одржување на интервјуто.
По завршување на постапката за селекција и рангирање, најуспешните кандидати ќе бидат вработени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на определено време, до 31.12.2025 година.

МИНИСТЕР
Цветан Трипуновски


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015